Н А Ц Р Т

З А П И С Н И К
од Сто шеесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 18 април 2025 година

Скопје, април 2026 година

З А П И С Н И К
од Сто шеесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 18 април 2026 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 13:05 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, Албрим Хоџа, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и д-р Калтрина Зеколи Шаќири, заменик на министерот за транспорт.

На седницата учествуваа и Венера Љатифи Азизи, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и Сашо Павловски, заменик на шефот на Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, д-р Беким Сали, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за европски прашања, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците и Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Азир Алиу, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација и Муамед Хоџа, министер за животна средина и просторно планирање.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметката на акцизата

2. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*
*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Точка 1

Владата ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на видот на енергентите, временскиот период, како и начинот на пресметката на акцизата.

Точка 2

Владата ја симна од дневен ред Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за определување на видот на добрата и временскиот период на примена на повластена даночна стапка.

Точка 3

По однос на оваа точка немаше предлози.

Точка 4

1. Владата го разгледа Известувањето за одржување на надзорна расправа на тема: Спроведување на законите, политиките и институционалните мерки за превенција и заштита од семејно насилство, од аспект на еднаквите можности, институционалната координација, предизвиците и можностите за унапредување на ефикасноста на постапувањето на органите на извршната власт, со Барање за определување овластени претставници и согласно член 213 став (7) од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, за овластени претставници на Владата на Република Северна Македонија, за темата што е предмет на надзорната расправа во Собранието, ги определи:

- Панче Тошковски, министер за внатрешни работи,
- д-р Азир Алиу, министер за здравство,
- Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади,
- м-р Елена Ивановска, државен секретар во Министерството за образование и наука,
- Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда,
- Душанка Петрова, директор на ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје и
- д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

*
*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:15 часот.